ност од 1 евро и вкупна номинална вредност од 5.000.000 евра односно 308.153.500 денари пресметано по средниот курс на НБРМ на денот на донесување на Решението од Комисијата за хартии од вредност на РМ.

2. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги изврши сите обврски од хартиите од вредност во рокот и на начинот предвиден со Законот и Одлуката бр.02-8173/1/II-14 од 11.5.2016 година за издавање долгорочни должнички хартии од вредност (корпоративна обврзница) по пат на јавна понуда (прва емисија на обврзници) донесена на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Битола одржано на ден 11.5.2016 година.

3. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен да ги предаде хартиите од вредност за регистрирање во депозитарот за хартии од вредност веднаш, но не подоцна од три работни дена, по истекот на рокот за реализација на емисијата на обврзници по пат на јавна понуда.

4. Издавачот на долгорочни хартии од вредност од точка 1 на ова Решение е должен во рок од пет работни дена од регистрацијата на обврзниците во депозитарот за хартии од вредност до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да достави доказ дека е извршен упис на обврзниците.

5. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

УП1 бр. 10-60
8 јули 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**3247.**

Врз основа на член 190 став 1 и став 2 и член 121 став 4 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 8.7.2016 година донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КНИГАТА НА НАЛОЗИ

Член 1

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози („Службен весник на Република Македонија" број 4/2016), член 9 став 2 и став 3 се менуваат и гласат:

(2) „Одредбите од член 7а од овој Правилник започнуваат да се применуваат најдоцна од 1.1.2017 година.

(3) Одредбите од член 7 од Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози („Службен весник на РМ" број 6/2007 и 21/2009) престануваат да важат од 1.1.2017 година."

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози.

Член 3

(1) Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Со влегувањето во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на водење на книгата на налози („Службен весник на РМ" број 107/2016).

Бр. 03-562/8
8 јули 2016 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска**, с.р.

---

**3248.**

Врз основа на член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" број 95/05, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015 и 23/2016) и член 31 став 6 од Законот за преземање на акционерски друштва („Службен весник на Република Македонија" број 69/2013, 188/2013, 166/2014 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 8.7.2016 година, донесе